Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 103, 3 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА


**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области германистика и граматика, семантика, семиотика, синтакса на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област книжевност за деца на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент во научна област методика на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 34

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област психологија на образование и воспитување на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 47

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент(специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно- научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 60

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по педагогија на слободно време" за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Педагогија на слободно време" за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Развојна психологија" од проф. д-р Ленче Милошева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за трудот „Феноменот на финансиски кризи и имликациите врз светската економија" од проф. д-р Ристо Фотов, м-р Влатко Пачешкоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 77



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕОТЕКТОНИКА И РЕГИОНАЛНА ГЕОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, на седницата одржана на 16.5.2013 година, донесе Одлука бр. 2202-131/33 од 17.5.2013 година за формирање на Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавените кандидати по Конкурсот, објавен на 30.4.2013 година, во дневните весници „Дневник” и „Лајм” за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *геотектоника и регионална геологија* на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– д-р Тодор Делипетров, редовен професор за наставно-научната област физика, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
– д-р Блажо Боев, редовен професор за наставно-научната област минералогија и петрологија, Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, член;
– д-р Тодор Серафимовски, редовен професор за наставно-научната област лежишта на минерални суровини, Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, член.

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 30.4.2013 година, за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област геотектоника и регионална геологија се пријавил кандидатот д-р Крсто Блажев, доцент на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Со пријавата кандидатот ги приложил следниве документи:

– кратка биографија;
– потврда за стекнат научен назив доктор на науки;
– список на објавени трудови;
– сертификат за познавање на еден од светските јазици (англиски јазик);
– уверение за државјанство.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Крсто Блажев** е роден на 18 септември 1953 година во Чешиново – Кочани. Во родното место завршува основно, а во Пробиштип средно рударско-геолошко училиште. Дипломира на Универзитетот во Белград на Рударско-геолошкиот факултет на насоката Неметални минерални суровини.

По дипломирањето се вработува во РИН „Опалит“ - Чешиново. Работи и во фирмата „Неметали“ – Чешиново, која произлегла од дезинтеграцијата на матичната организација „Опалит“ која се занимава со преработка на повеќе видови неметални минерални суровини. Паралелно на стручната и научната дејност значајно време посветува и на педагошката работа. Во 1981 година е избран за стручен соработник на Рударско-Геолошкиот факултет во Штип, а во 1982 година за асистент по предметот Општа геологија.

Во март 1992 година на Рударско-геолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ ја одбранува докторската дисертација со наслов „Минерагенија на силициските суровини на Македонија и нивно економско значење“ и се здобива со научен назив доктор на технички науки.

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатот д-р Крсто Блажев работи како доцент на Технолошко - техничкиот факултет во Пробиштип при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. По дипломирањето е вклучен скоро во сите активности на Катедрата за геологија и геофизика на Факултетот за природни и технички науки во Штип.

Паралелно на стручната и научната дејност значајно време посветува и на педагошката работа. Во 1981 година е избран за стручен соработник на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, а во 1982 година за асистент по предметот Општа геологија.

Во март 1992 година по успешната одбрана на докторската дисертација со наслов „Минерагенија на силициските суровини на Македонија и нивно економско значење“ е избран за доцент на овој факултет, каде што изведува настава по повеќе предмети: Истражно дупчење, Карти и геоморфологија, Геодинамика и Минерагенија на неметални минерални суровини.

Со Одлука на ННС на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, од 3.4.2003 година, е избран во звање насловен вонреден професор по предметот Општа геологија каде што наставата континуирано ја изведува до денес.

Во ангажманот на Рударско-геолошкиот факултет и на Факултетот за природни и технички науки учествува како ментор или член на комисии на повеќе од 30 дипломски работи, шест магистратури и четири докторски дисертации.

***Научноистражувачка дејност***

Автор е на триесетина трудови презентирани на меѓународни и домашни конгреси, од кои еден е со импакт фактор. Автор е на учебникот „Општа геологија“ издаден од Универзитет „Св. Кирил и Методи“ – Скопје, во Штип во 2001 година.

***Научноистражувачки и развојно-апликативни проекти***

Д-р Крсто Блажев учествува во три меѓународни проекти:

- Темпус проект со наслов „Геомагнетни мерења и стандарди за квалитет“ No. IB_ JEP – 17072-2002;
- Теориско и практично решење регенерације трансформациских изолационих уља Кристобалитским туфом; РГФ – Београд 2004 година;
- Билатерален проект за соработка помеѓу Р. Македонија и Р. Словенија со наслов „Корелација помеѓу магнетното поле на Р. Македонија и Р. Словенија“, 2010-2011 година;
- Извештај од минералошко-петрографски и хемиски испитувања на калцитската и доломитската минерална суровина од од наоѓалиштето „Долна Бањица“ – Гостивар, 2012 година;

и три домашни проекти:

- „Геофизички истражувања и креирање на геофизички модел на современите депресии во Источна Македонија“ – РГФ 1998 – 2000;
- „Примена на вулкански туфови во постројките за континуирана биофилтрација на органските материи во отпадните води“ – Екобиро – Скопје 2001;
- „Формирање на Геомагнетна опсерваторија според стандардите на Интермагнет“ РГФ – Штип 2001-2004.

***Список на печатени оригинални научни трудови, со назначен импакт фактор по изборот во доцент:***

1. Krsto Blazev, Tena Sijakova Ivanova, Zoran Panov, Vesna Zajkova-Paneva, Preliminary investigations into the minerology and potential uses of the stilbite rich tuffs from Kratovo-Zletovo volcanic area, R. Macedonia, Vol. 65: No 2, pp. 187-192;
   **импакт фактор (0,21)**

***Список на печатени оригинални научни трудови во меѓународни списанија и конгреси без импакт фактор, по изборот во доцент:***

1. Serafimovski T, Blazev K., Tasev G., and Volkov Arelationship between Cenozoic structuresand polymetallic mineralizations in the central parth of the Serbo-Macedonian massif, **XIX congres of the carpathian- balkan geological association, Thessaloniki, Grece (September 2010);**
2. Tena Sijakova – Ivanova, Zoran Panov, Krsto Blazev, Vesna Zajkova, Investigation of fly ash havi metals content and physico chemichal properties from termal power plant, republic of Macedonia ***International Journal of Engineering Science and Technology, Vol.3 No. 12 (2011);***
3. Delipetrov T., Doneva B., Blazev K., Mocho disccontinuity of the territori of tne R. Macedonia, **11 th international Multidisciplinari Sceintific GeoConference and EXPO – SGEM, Albena, Bilgaria (2011);**
4. Delipetrov T., Panov Z., Blazev K., Ristovski L., Geophisical methods – possibilities for defining compactness physico-mechanical characteristics of rocks **11 th international Multidisciplinari Sceintific GeoConference and EXPO – SGEM, Albena, Bilgaria (2011);**
5. Delipetrov B., Delipetrov T., Delipetrov M., Blazev K., Geophisical aspest of the geotectonic processes in the Vardar zone and the Eastern Macedonian zone**11 th international Multidisciplinari Sceintific GeoConference and EXPO – SGEM, Albena, Bilgaria (2011);**
6. Blagica Doneva, Krsto Blazev, Marijan Delipetrov, Todor Delipetrov, Gjorgi Dimov, Regional models of the geophisical fields in the Republic of Macedonia zone **12 th international Multidisciplinari Sceintific GeoConference and EXPO – SGEM, Albena, Bilgaria (2012);**
7. S. Rendevski, N. Mahmudi., Krsto Blazev., R. Popeski-Dimovski, Zeolites Contribution to the sun Protection properties of plant oil lotion rich in vitamin E (2012.

***Список на печатени оригинални научни трудови во домашни списанија и конгреси без импакт фактор, по изборот во доцент:***

1. Тодор Серафимовски, Горан Тасев, Крсто Блажев, Александар Волков; Главните Алпски структури и Cu – Порфирска минерализација во Српско-македонскиот масив; **Geologica Macedonica, Vol.24 (1) pp. 39-48 (2010);**
2. Крсто Блажев, Андреја Блажев, Перспективни Геолошки формации како носители на силициумски суровини во Р. Македонија: **Втор конгрес на геолозите на Македонија (посебно издание на Geologica Macedonica ) No. 3 (2012);**
3. К. Блажев, Б. Донева, М. Делипетров, Г. Димов; Наоѓалишта на вулкански туфови и бречи; **VI стручно советување со меѓународно учество ПОДЕКС-ПОВЕКС 12 (2012).**

***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***

1. Член на Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (два мандата).
2. Научен соработник на фирмата „Неметали“ – Чешиново која се занимава со преработка на повеќе видови неметални минерални суровини.
3. Научен соработник на фирмата „Стрмош“ – Пробиштип која се занимава со преработка на повеќе видови неметални минерални суровини.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност на кандидатот д-р Крсто Блежев, објавените научни и стручни трудови, учеството на конгреси и симпозиуми, ангажираноста во одржувањето на предавањата на Факултетот за природни и технички науки и Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, може да се заклучи дека кандидатот поседува соодветни квалитети за наставна и научноистражувачка работа.

Кандидатот д-р Крсто Блажев ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-научно звање, во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот Гоце Делчев" - Штип.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и кандидатот д-р Крсто Блажев да го избере во звање **вонреден професор** за наставно-научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Тодор Делипетров, редовен професор, с.р.**
**Д-р Блажо Боев, редовен професор, с.р.**
**Д-р Тодор Серафимовски, редовен професор, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Крсто Блажев, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Позитивно рецензиран универзитетски учебник | 1 | 15 | **15** |
| Рецензент на учебник | 1 | 1 | **1** |
| Рецензент на скрипта | 1 | 1 | **1** |
| Интерна скрипта од предавања | 1 | 4 | **4** |
| Ментор на одбранет докторат | 1 | 6 | **2** |
| Ментор на одбранета дипломска работа | 7 | 1 | **7** |
| Член на комисија за одбрана на докторат | 4 | 2 | **8** |
| Член на комисија за одбрана на магистерска работа | 6 | 1 | **6** |
| Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 7 | 0,2 | **1,4** |
| Воведување на нов стручен предмет (Геотермална енергија) | 1 | 3 | **3** |
| Предавања по предметите:<br>Општа геологија - Скопје (2+2+1),<br>Општа геологија - Прилеп (2+2+1),<br>Геологија со петрографија - Скопје (2+2+1),<br>Геологија со петрографија - Прилеп (2+2+1),<br>Структурна геоморфологија (2+2+1),<br>Физика на земјата (2+2+1),<br>Геотермална енергија (1+1+1),<br>Геотектоника (2+2+1),<br>Анализа на трудот (1+1+1),<br>Системи на квалитет и стандарди (2+2+1),<br>Основи на менаџмент (2+2+1),<br>Бизнис комуникации (1+1+1),<br>Графика и дизајн (1+1+1),<br>Мерења и автоматика (1+1+1) | 21<br>18 | 1,5<br>1 | **78,5**<br>**18** |
| <u>Втор циклус студии</u><br>Геотермални ресурси<br>Геотермални системи<br>Тектонофизика | 3 | 2 | **6** |
| Рецензент на соработници и наставници | 5 | 1 | **5** |
| Вкупно | | | **155,9** |
| | | | |
| Научноистражувачка (НИ) **и** Стручно-уметничка (СУ) | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено со (СЦИ/ЦА/останати) | 1 | 9/6/3 | **9** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (**1** во земјата/ **7** во странство) | | 1/2 | **15** |
| Студиски престој | 1 | 8 | **8** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вкупно | | | **32** |
| Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР) | | | |
| Учесник во научен проект (1 во земјата/2 во странство) | | 5/8 | **21** |
| Член на Унуверзитетски сенат (2 мандата) | | 5 | **10** |
| Елаборати и експертизи (2) | | 2 | **4** |
| | | | **35** |
| ВКУПНО | **222,9** | | |

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатот ги има остварено следните поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО + НИ + СУ + САОР):

– наставно-образовна (НО) = **155,9**
– научноистажувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ) = **32**
– стручно-апликативни и организациско-развојно (САОР) = **35**

Вкупно (НО + НИ + СУ + САОР = **222,9** поени)